утрински Весник
Број 1486 Понеделник, 31 Мај 2004



Ладислав Цветковски, истражувач и автор на компјутерската графика

# Графиката е моето огледало

Катерина Богоева



Го презентиравте своето творештво во Музејот на град Скопје, заокружувајќи дел од досегашните трагања по сопствените и компјутерските тајни и можности на полето на компјутерската графика. Како ги именувате, подвојувате можеби класфицирате делата, но и интимните творечки светови?

- Па на некој начин, моите дела поставени во Музејот на град Скопје се видувања на нештата кои сум ги преживеал. Тие за мене се визуелни цитати кои се последица на моето или нашето патување во она што го нарекуваме живот. Тие се огледало на моите чувства, мисли, меморирани сликовни секвенци, понекогаш се последица на долгиот престој покрај компјутерот или пак игра со потсвеста. Доколку авторот се обиде да се изолира од надворешниот свет, тој навлегува во ситуација на самозалажување кое како последица носи продукт кој е стерилен, синтетичка последица на рационалното кое го чини делото здодевно, неинтересно и банално. Со тоа авторот не успева да создаде дело кое ќе профункционира, или подобро кажано, ќе провоцира. Во моите дела провокацијата е иницијалната но никако единствената компонента. Сакам да бидам повеќеслоен и да му дадам можност на конзументот повеќепати да се навраќа и да дочита уште нешто од моите графики. Се разбира уметноста не е научна дисциплина која можете да ја врамите во некакви егзактни формулации. Доколку сте се решиле да комуницирате со луѓето преку некој медиум, треба да сметате на тоа дека не секогаш ке бидете разбрани. Електронската уметност со себе носи многу специфики кои ја чинат различна од другите медиуми на уметничко изразување. Во тие рамки и дигиталната графика ги носи тие атрибути на различност од таканаречените класични медиуми на изразување. Но, секако, таа за мене не е негација на предходните туку нивна директна последица. Софтверските апликации кои ги користам, ги употребуваат истите именки и глаголи (четка, молив, воздушна четка, бриши, сечи и сл.). Но дури по долгогодишна употреба на компјутерот како алатка, така стекнатото искуство ми ја дозволи слободата, во основа да не го променам ракописот кој го користам во традиционалните графички техники. Јас само ја зголемив мојата ефикасност во реализација на основната цел, да еманирам на многу директен начин.

Во неколку изложени дела се "втиснати" раце. Би сакале ли да го објасните процесот на "втиснување" во овој вид графика, кога и "глушецот" е во игра?

Па во основа како и во другите графички алатки и со комјутерот е исто: правилната техничка едукација и искуството ви помагаат на многу директен начин да го исфрлите недисторзирано она што го имате на ум. Знаете, комјутерот не е вештачка интелигенција која ќе го крене интелектуалното ниво на вашето дело, тоа сепак зависи само од вас. Компјутерот е само обична алатка, и од вас зависи дали ќе оставите да ве фасцинира со допадливите ефекти или пак вие ќе го искористите како медиум кој ќе ви ја даде можноста да се изразите, не губејќи ја при тоа индивидуалноста. За жал, како и во се, така и тука сме сведоци на злоупотреба на технологијата. Графиката и во минатаото била употребувана како медиум, преку кој ќе се репродуцира дело кое е изработено во друга дисциплина и потоа продавано на технички неедуцирана и неинформирана публика како оригинално дело.

ГАЛЕРИЈА





комерцијална банка а.д. скопје
www.kb.com.mk
bestnet
СЕ БУДИТЕ НЕНАСПАНИ?
АЛКАЛОИД а.д.



Печатено Издание

Креирано со nextsense WebBuilder

nextsense HOSTING SOLUTIONS hosting partner On Кога ти треба ИНТЕРНЕТ

Од тоа не може да се побегне, но истовремено, јас секако сум против оние кои поради своите предрасуди, кои се последица од стравот од новото и признавањето на своето незнаење, ја демонизираат дигиталната технологија како возможен начин на креирање на мултиоригинал, односно графика.

Оваа техника овозможува неколку работи кои до нејзината можна употреба, беа придобивка за другите меиуми. Вие веќе ја немате огледалната слика на клишето, вашето клише на некој начин е мониторот, кој ви ја дава сликата во доволна мера слична на она што го очекувате како отпечаток. Друга интересна можност е работата на нивоа и можноста на одење напред - назад, со што ви се овозможува анлизирање, односно решавање која солуција е најдобра за вас. Глушецот мене ми помага да му дадам на цртежот свежина на директна, несовршена линија, односно да ја потиснам непотребната прецизна математичка егзактност на икс-ипсилон оската, која делото може да го претвори во ладна допадлива и здодевна совршеност.

Зошто раце?

- Рацете се примарната алатка која ја користел човекот. Раката е првото клише или шаблон кое го употребил човекот за да остави траг зад себе, на слика со голема сличност. Тоа се отпечатоците на пештерските луѓе кои исфрлајќи боја од устата врз раката, потпрена на карпата на пештерата, оставиле трага за своето лично постоење, воедно потпишувајќи се, правејќи слика со голема сличност. Тоа јас го нарекувам праисторија на мултиоригиналот, потреба некому да му соопштиш нешто преку мултиплицирана слика. Во суштина, отпечатокот на моите дигитални графики е направен со помош на плотер кој го користи сличниот принцип на прачовекот, а тоа е исфрлање на боја под притисок. Со тоа доаѓаме до заклучокот, дека човекот во принцип многу малку се сменил во своите есенцијални потреби за општење. Односно важна е само индивидуалната експресија, а не технологијата која се користи.

Ваша преокупација се графиката и графичкиот дизајн, каде што континуирано експериментирате како ликовен уметник, но и при секојдневната дизајнерска работа во дизајнерското студио "Скенпоинт". Станува ли збор за два различни света или, пак, за простор во кој само амбиентите се менуваат?

- Па во суштина се работи за две, до некаде различни полиња на делување во доменот на визуелното. Дизајнот е за мене компромис меѓу многу надворешни општи фактори, меѓу различни субјективни и објективни околности.Слободата на визуелното изразување ја детерминираат различни фактори. Ретко човек е во можност да твори во овој медиум со чист ликовен израз, без разлика што вие, со иста сериозност и посветеност му пријоѓате во креирањето. Вашиот дизајнерски продукт не можете да го лишите од неговата функционалност. Тој е сепак предмет кој се употребува. Секако дека плакатот, логото, корицата и некои други продукти во графичкиот дизајн, доколку целта им е тоа, можат и да профункционираат како чисто ликовно дело. Графиката пак од друга страна, е интимна, лична креација која со себе ја носи во целина сета информација за вас самите. Односно колку сте едуцирани, колку сте слободни во изразот, до каде сте стигнале и што до тој момент можете да покажете. Тука нема лага, тука сте вие сами, односно тоа е вашиот лик во огледалото кое ве покажува од внатре. Графиката е моето огледало, преку кое на луѓето, на публиката им го соопштувам она што сум наумил да го кажам.

Кои се можностите но и ограничувањата на полето на комјутерската графика денес во Македонија? Што недостасува?

Најмногу ми пречи е нашата интровертност која нужно со себе носи недостаток на релевантни информации за тоа што се случува во светот, а пак од друга страна, создава можност за создавање митови од некакви просечни или подпросечни случувања. Секако дека ретките можности за патување или интернетот, донекаде ја амортизираат таа состојба. Интернетот е можност да добиете некаква информација која во голема мера е визуелно недоволна, особено ако станува збор за некакво покомлексно дело. Нас генерално, во секој домен на живеење ни недостасува организирано делување. Ние пред се не успеавме да воспоставиме здрав систем на вредности. Без вредносен систем, општеството не може да прави вистинска селекција. Тоа не е во состојба да ја препознае вистинската вредност на единката, која со својот интелектуален потенцијал, може да се инкорпорира во системот и на тој начин позитивно да ја насочи својата творечка или научна сила во она што ние дефинитивно многу ретко го среќаваме, а тоа е тимското работење.

Вашиот дизајнерски ракопис го оставате на публикациите на значајни институции, манифестации, културни случувања. Во што лежи способноста за обликување на приказните, истовремено задржувајќи ја сопствената приказна, но и препознатливиот израз?

Бавењето со графички дизајн ми ја дава можност да се сретнам со врвни имиња од научната и уметничката сфера, кои сакаат да материјализираат, односно отпечат некое свое дело, книга монографија или каталог. Бавејќи се со него, јас воспоставувам директни релации со авторите и нивните дела, со обичните луѓе, со страниците кои се дел од нашето секојдневие. Се обидувам во секоја своја дизајнерска креација, да воспоставам дисбаланс во полза на ликовната култура и традиција на нашето поднебје. Тука не сакам да бидам погрешно разбран, дека

WebSearch Keywords:

граѓански СВЕТ

FUN пакет 500 ден./мес
КАБЕЛСКИ ИНТЕРНЕТ



себеси се ставам во улога на некаков вообразен учител кој на другите им ја наметнува ликовната култура. Едноставно, се обидувам да ја истерам до крај својата идеја, дека графички дизајниран производ (книга, каталог, плакат и др.) е само оној кој содржи ликовно издржани елементи кои се во функција на содржината, но никако банална фактографска илустрација или безвредна игра на декоративни форми. За жал, живееме во општество каде интелектуалното се потценува до мера на неподнослива рамнодушност. Па така многумина, без никаква потреба од верификација на своите вредности, си дозволуваат самите да се прогласат за она што им се чини како звучна професија.

Има ли специфика во изнесувањето на виртуелниот свет во јавноста?

- Ја имав таа среќа 2002 година дел од моите дела да ги покажам на заедничка изложба со Татјана Поцевска во Словенија. Зошто велам среќа. Знаете кога нешто креирате, вам секогаш ви треба одредена дистанца или репер, а таа изложба ми го овозможи тоа, бидејќи во Словенија јас сум непознат како автор, а луѓето таму покажаа интерес за она што го работам. Многу е важно кога некој што не те познава, ти приоѓа и се интересира за некое твое дело. Тоа на некој начин се случи и на мојата изложба во Музејот на град Скопје, имаше луѓе што не ги познавам кои ми приоѓаа и прашуваа. Тоа ми направи големо задоволство, бидејќи на многу сличен начин реагираа и нашата и словенечката публика, која за разлика македонската, имала повеќе шанси да види дела направени во оваа техника. Не сакам да звучи претенциозно или романтично, но сметам дека со она кое го носиме како традиција во визуелната култура ние сме во состојба на светот да му дадеме нешто автентично, различно, но воедно за нив читливо сиже. За да го направиме тоа не ни се потребни нови автори, туку подобра организираност и систем на вредности. И секако поголема јавност кога станува збор за културата, да не се затвораме во мали интелектуални групи кои ги кријат информациите едни од други, бидејќи со таквото наше однесување создаваме клима или живот кој се базира на краткочни стихијни и некомпетентни чекори. Ликовното дело е индивидуален чин на делување, но без негово презентирање на адекватен начин ја губи смислата, бидејќи е создадено за публиката, за критиката, за јавноста.

© 2001 Утрински Весник, сите права задржани